Д-р Колјо КОЕВ

Институт за социологија при БАН, Софија

# МАКС ВЕБЕР: КОН ПРОБЛЕМАТИЗИРАЊЕ НА ОДНОСОТ СОЦИОЛОГИЈА - СЕКОЈДНЕВИЕ

Начинот на кој би сакал да го поставам проблемот што ме интересира е резимиран во вториот дел од насловот. Затоа, на почетокот, ќе си дозволам краток коментар во однос на оваа формулација. Таа упатува на обидот за проблематизирање на односот меѓу социологијата и секојдневието. Всушност, веднаш ќе напоменам дека можноста да се направи тоа претпоставува отчет за постојаниот напор меѓу двата термина, т.е. за самопроблематизирањето на врската. Би можел да отидам и подалеку и да изјавам дека, ако сакаме да го идентифицираме социјалниот лик на социолошкото знаење во еден или друг момент од неговиот развој, треба да водиме сметка за карактерот на неговиот соодност со секојдневниот живот, востановувајќи критични точки на проблематизацијата. И обратно, ако сакаме да истражуваме еден или друг аспект на секојдневието во неговата сопствена мерка, треба постојано да сме будни за колебливата граница меѓу социјалното познание и секојдневната реалност, да сме подготвени методолошки за опасноста што демне од социологизирањето на секојдневниот живот, за замената на предметот на истражувањето со инструментот на истражувањето. Во вториот дел на моето излагање ќе разгледам еден клучно значаен случај на соодветно "социологизирање", врз основа на кој можеме да судиме за современата социолошка ситуација (или ситуацијата на социологијата).

И така, кога говориме за проблематизирање на односот меѓу социологијата и секојдневието, постојат два суштествени момента. Прво, проблематизирањето не е произволно теоретско решение, туку интерпретација на врската што се самопроблематизира. Второ, социолошкото проблематизирање во случајов, означува внимателно третирање и на двата елемента на врската.

Колку и да се чинат очевидни овие императиви, историјата на социологијата непрекинато не убедува дека тие биле повеќе нарушувани отколку следени. Доволно многубројни се примерите за занемару-

вање на самоличноста (на "сопствената логика") на истражуваната реалност или, пак, за убеденост дека "емпиријата говори сама", така што методот на нејзиното "прогласување" може да биде третиран како самооднесувачки. Напоредно со ова, како што ми се чини, секој посериозен напредок во социолошкото знаење (било да е тој методолошки, теоретски или на нивото на емпириските истражувања) е сврзан имплицитно или експлицитно со преработување или дури преиспитување на споменатиот однос. Поради што, впрочем, и не произлегла поцелосна теорија на секојдневниот живот. А подобна теорија (или теории, доколку е покоректно да се говори за различни типови секојдневен живот во текот на модерната и касномодерната епоха) би не поштедила од многу празни талкања и неплодни спорови.

Една од најголемите пречки на патот кон градењето на таква теорија (или теории) е постојано измолкнувачкиот поим за секојдневниот живот. Што, всушност, е она што го нарекуваме секојдневие? Конкретна реалност, што дозволува да биде, повеќе или помалку, исцрпно опишана или опишувана со оглед на нејзината динамика. Ако можеме да идентификуваме соодветна (или подобна) реалност, дали таа е поларна спротивност на светот на науката или, пак, научното знаење на некаков начин е соодветно со неа (или мерливо со неа). Ако е вистинито второто, тогаш што е она што го гарантира привилегираното гледиште на социјалниот истражувач кое му гарантира да го опишува секојдневието во неговите "автентични" димензии? Каков е статусот на секојдневниот живот, сфаќан како посебна реалност, во однос на таквите реалности какви што се искуството, економијата, политиката, и т.н.? И најпосле: дали има смисла да работиме со тотализирачки поим на "секојдневен живот" или е поразумно да се придржуваме кон "прагматичната" позиција дека секое социолошко истражување, на еден или друг начин, е истражување на секојдневието, како и тоа да се дефинира? (Меѓу другото, дури и самото набројување на овие прашања открива колку голем ресурс за напредокот на социолошкото знаење крие просудувањето на односот "социологија-секојдневие". Зашто, фактички, тие резимираат некои од најзначајните методолошки и теоретски дискусии во социологијата на 20-от век).

Последново од споменатите прашања е интерсно затоа што открива две алтернативни можности: да користиме ad hoc претстави за секојдневието во текот на социолошкото истражување или, пред сé, да се стремиме кон изградба на теоретска конструкција за секојдневен живот. Но, оваа алтернатива е привидна, доколку се придржуваме до она што било кажано пред речиси сто години од страна на Макс

Вебер, дека зад секој факт просветлува теорија. И, дека социјалното научно познание работи со "објекти", само што тоа открива веќе "формирани објекти" уште на стадиумот на "донаучното мислење".

И така, како може да се надмине тешкотијата во дефинирањето на измолкнувачкиот феномен-секојдневниот живот? Еден предходен одговор дозволува, зависно од истражувачката цел, да може да се имаат различни определби на секојдневието - потесни, пошироки, на пониско или на повисоко ниво на апстракција, при што секоја од нив претставува елемент од евентуална посеопфатна теорија на секојдневието. И секоја од нив има своја валидност, доколку, се разбира, биде доволно добро контролирана и доколку си ги знае сопствените граници. А секоја од нив може да биде постигната со доволен степен на соодветност (т.е. контролирана), ако биде конструирана од аспект на односот на заемната проблематизација меѓу социјално-научното знаење и секојдневието, што веќе беше споменато. Би можеле, во овој поглед, да научиме многу од социологијата на Макс Вебер. Таа не ни нуди готови решенија и токму затоа до денес ги држи на штрек нашите социолошки сетила.

Кај Вебер, се разбира, не се работи за сопствена теорија за секојдневието и во неговото творештво и самата идеја на секојдневниот живот подлежи на реконструкција. Но, сепак тој, зборот секојдневие го употребува експлицитно барем во два случаја. Прво, во кованицата "секојдневен економски живот", согледувајќи го проникнувањето на определен тип на рационалност дури во најоддалечените агли на социјалното суштествување. И вторпат, во својата теорија на власта, каде, спротивставувајќи ја "харизмата" на "секојдневието", успева да го нагласи инаку тешко забележивиот елемент меѓу традиционални и бирократски: трајност, повторливост, економска нужност. Во првиот случај, на прв поглед, имаме чисто економска употреба на "секојдневие", зад кое инаку стои многу нестандардното теоретско сфаќање, дека одреден стил на живеење е присутен само во модерната епоха. Во вториот случај можеме да говориме за сопствена теоретска употреба на опозицијата "харизма-секојдневие" за целите на споредбената анализа. Но, и во двата случаи, употребата на поимот е мотивирана од изострената чувствителност кон радикално променетиот лик на "социјалните значења" (нагласување на "анонимни сили" на преден план на социјалната сцена), што бара и преиначување на социјално-научниот апарат. Во тоа тој ја согледува и една од задачите на списанието (*Archiv fuer Sozialwissenschaft und Sozialpolitik*), чие раководство го презема во 1904, заедно со Вернер Зомбарт и Едгар Јафе.

Во воведната статија, од истата година, Вебер истакнува дека списанието треба да оствари премин од занимавање предимно со "историски" настани на високата политика - "уникалните дејствија на државни мажи или со индивидуални литературни творби и постигнувања на искуството" кон третирање на "процесите на секојдневниот живот" (Вебер, *1988:38). Овој премин, инаку, бара* ***аналитичка*** *работа* ("преобразување на логичките форми", како што тој се изразува на друго место), и автоматски не е резултат на слепото следење на емпиријата.

Новата аналитичка рамка своите контури ги добива уште во текот на истата година, во Протестантската етика и духот на капитализмот. Како што е познато, таму Вебер го истражува градењето во Западна Европа на "методично-рационален начин на живот", фокусирајќи го своето внимание на специфичното сфаќање на Беруф (професија/позив) што кореспондира со догмите на протестантската внатрешносветовна аскеза. Она, за што тој најмногу се интересира е како овој тип на идеи, вплотени во индивидуите, остваруваат (спротивно на својата првобитна логика) дејство врз нивното секојдневно живеење, организирајќи го на таков начин, што тоа најпосле ќе стане функционален елемент од развојот на социјално-економскиот живот и ќе демонстрира "роднинство по избор" со него. За да се оствари целата оваа анализа, од круцијално значење според Вебер, била предрасположеноста на големите човечки групи кон определен тип на поведение кое, во еден момент, ќе биде наречено капиталистичка рационалност, но кое не може да биде разбрано во неговото анонимно функционирање ако неговиот извор не се побара во формирањето на секојдневни услови за негово восприемање. Така, од мене погоре посочените два случаи на експлицитна употреба на поимот секојдневие се покажуваат како координирани со едно неексплицитно толкување на секојдневното дејствување на ниво на подлабоки структури на поведението (дури можеме да кажеме: телесни структури). Токму таквото толкување го придава поширокиот интерпретативен контекст, во кого влегуваат оперативно дефинираните, поконкретни поими за секојдневниот живот. Иако, инаку, секој поим ја задржува својата ограничена валидност во рамките на спроведуваното истражување.

Излишно е да се каже колку многу и должат на оваа "криптоконцепција" за секојдневниот живот (ако така може да се нарече ) таквите, на современата социологија добро познати, категории какви што се "секојдневна очевидност", "множество реалности", "хабитуализирање на знаењето", "секојдневна рационалност", "практична чувствителност". Но, јас ја зедов како пример Веберовата социологија, не за да

покажам каде треба да се бара еден од најзначајните извори на современите експлицитни сфаќања за секојдневие, туку од други две причини. Прво, затоа што случајот на Вебер извонредно илустрира како главната задача на едно социјално-научно истражување: да решава "содржински" (според неговите сопствени зборови; а ние би можеле да кажеме емпириски) проблеми, претпоставува определена (дури тоа и да е скриено) преработка на феноменот секојдневие. И, второ, затоа што станува збор за клучно значајната, во методолошки однос, ситуација на "разместување на социолошките пластови", како последица на потпаѓањето на секојдневниот живот во светогледот на истражувачкиот интерес, со сите последици за подоцната теоретска и емпириска практика.

Ми се чини, денес одново сме во ситуација што го проблематизира односот меѓу социологијата и секојдневниот живот, што не става пред сериозни предизвици. Ќе се обидам просто да ја дијагностицирам, што, се надевам, е прв чекор кон посериозни теоретски заклучоци.

Суштинска разлика со ситуацијата од времето на Вебер е што, денес, инстанцата "секојдневен живот" е неизбежна величина за секое социолошко истражување. Ако отвориме произволен каталог на пр. на специјализираното за социологијата издаваштво SAGE (во случајов се повикувам на каталогот есен/зима 1997) наидуваме на наслови како: *Квалитативната социологија како секојдневен живот; Популарната култура и секојдневниот живот; Потребата и секојдневниот живот; Раскажувањата во популарната култура, медиумите и секојдневниот живот; Интерсубјективноста. Ткаенината на социјалното случување; Социјалното конструирање на реалноста; Макдонализирањето на општеството.* (Избрав само наслови што го вклучуваат самиот поим или непосредно упатуваат на него. Содржинска анализа на другите книги од каталогот сигурно би довела до значително продолжување на листата). Многу е значајно што, од денешна гледна точка, дури можеме да говориме за "историја" на проучување на проблемот. Несомнени претенденти за забележително место во оваа историја се социјалната феноменологија на А. Шуц, етнометодологијата на Х. Гарфинкел, социологијата на знаењето на П Бергер и Т. Лукман, "рамковната анализа" на И. Гофман, интеракционитичките теории на Х. Блумер и А.Л. Строс, рефлексивната социологија на П Бурдие, "радикално- емпириското" фокусирање на вниманието врз т.н. "конструктивизам на лабораторискиот живот" (К. Конр, Бр. Латур, Ст. Улгар) и тн. Одделна тема за дискусија е специфичното интегрирање на проблематиката на Lebenswelt во социолошките теории од структурно-функционалистички тип, како

на пр. онаа на Н. Луман (види Luhman 1968; Luhman 1978). Од друга страна, процедуралните правила на емпириските истражувања го земаат, во сè поголема мера, како самоочевидно, своето релеватизирање кон секојдневни претстави, очекувања, кон логиката на секојдневните дела, приложувајќи, во методолошки однос, се поистенчени техники на анализа на секојдневните ситуации (проучување на потребите во маркетиншките истражувања, на нерефлектирани нагласи кон политичкиот живот во демократските проучувања и т.н.).[1] Дури, би рекол, денес набљудуваме една многу љубопитна социолошка карта : демаркационите линии минуваат, не меѓу "субјективизмот" и "објективизмот" (или тие се ползуваат само како ad hoc индикации), меѓу "холизмот" и "индивидуализмот", меѓу "макро" и "микросоциологијата", туку повеќе меѓу различните ресурси, да се интерпретира и да се овладува секојдневниот живот или она, кое се сфаќа како секојдневен живот. Во секој случај, било на "емпириско социолошко рамниште" или во сферата на она што можеме да го наречеме *grass-roots sociology*, прочуениот "трет пат" повеќе не изгледа само како желба.

Кои се помалку видливите (и всушност поттикнувачите на најголемиот број прашања) страни на една таква слика, кои најмногу се манифестираат во областа на емпириските истражувања? Пред сè: најпосле успешно спроведеното сосредоточување на социолошкото мислење врз самото себе . Овде го имам предвид не само и не толку фокусирањето врз сопствените претпоставки, за да се открие неговата вкорентост во секојдневни конструкти (за што настојува на пр. Шуц), туку предимно давањето отчет за оваа вкоренетост, за да се постигне ефективна, во повеќето случаи неосознавана, второстепена (или вторична) размена на секојдневните структури на воспириемање со структурите на знаење, трансформирани со самиот процес на истражување, се разбира, во синхронизација со покорното соучество на самите секојдневни практики. Станува збор, не за толку критикуваното, пред некое време, високомерно "онаучување на секојдневието "од страна на "големата теорија" што го има зграпчено, туку за промислување на фактичката "онауеност" на секојдневните практики, од која се оттргнуваат современите истражувања.[2]

---

[1] Во случајов не се интересирам толку за квалитетот на дадените техники и за тоа како тие ја постигнуваат својата цел.

[2] Овде сакам да нагласам дека проследувам тенденција во современата социологија која си го пробива патот како историски несознаен процес. Затоа и сум далеку од помислата за планирана линија од страна на истражувачите.

Се сеќавам каков шок во мене предизвика една демонстрација на маркетиншко истражување на една конференција во Германија во текот на1987, која денес изгеда толку далечна. Авторите на истражувањето беа стигнале дотаму за да ги типологизираат визуелно барателите на облека и чевли, така што на екранот можеше да се види Волфганг, 40-годишен инженер, со две деца, кој претпочита италијански чевли од таква и таква марка, или Герхард, пензиониран новинар, стар ерген, кој би си купил сив костим од оваа или онаа модна централа. Имав нејасно чувство дека дадената визуелна типологизација беше веројатно "посакувано претскажување" за "стратегијата" на секојдневното поведение на купувачите.[3] Денес таквите визуализации веќе се баналност во практиката на соодветен тип на проучувања. Кон кажаното ќе додадам дека барем мене ми е многу тешко да ги разграничам просто ефикасната реклама од вклученото во нејзиното ткиво микромаркетиншко истражување.

Ми се чини дека можеме да говориме за специфична двојственост на споменатите истражувања; "наметнување" на стратегии за секојдневно дејствување преку самото "сондирање" на можноста за реализирање на стратегии на поведение, кое лично кажано, е подготвување на восприемање на кинестетичко рамниште. Овде веќе нештата доаѓаат не просто до распространување на просторот на секојдневно "можење" преку инкорпорирање на "корисни" предмети и на "пресметани" оринтации кон нив. Истражувачките трагања се насочени кон изделување на "секојдневни енклави", за да се стимулира наклоноста на "актерите" (колку умесен се покажува овој сакан збор во социолошкиот жаргон) да инсценираат и оживуваат нeродени, од самото секојдневно мислење и дејствување, дискурзивни сегменти.

Изникнува сосем природното прашање: дали не се научивме да "расудуваме" според структурата на прашања и одговори на социолошките прашања? Дали не разговараме преку "всадени" социолошки модели, дали не си "разменуваме" готови резултати на социолошко знаење? И најпосле, дали не сме подготвени да се самотипизираме како "хомункули", во онаа смисла во која говори Шуц за искуствените созданија, создадени по волјата на истражувачот? Во секој случај јас ја ценам како многу значајна анализата на условите за возможност на таквата ситуација, на границата меѓу емпириското истражување и специфичните секојдневни практики што станува се

---

[3] Интересно е дека оваа демонстрација беше вметната во дневниот ред на дискусија по повод тукy што спроведеното истражување на трудот на работниците во Рурскиот регион.

пофиктивна. Ако не друго, таквата анализа би покажала една посебна карактеристика на социолошките конструкции - "загубената невиност" на социолошкиот концептуален апарат.

Пред повеќе од 80 години Макс Вебер упорно настојува на едно своевидно "правило" на социолошкиот метод (и дури под негов притисок тоа е впишано како т. 1 во Уставот на Германското социолошко друштво од 1912 г.) - да се подржува "вредносната неутралност" на социјално научната работа во името на толкувачкото разбирање на вредносно оптоварената дејност. Дали имаме основа - и до каков степен - денес да се повикуваме на ова правило, колку и да го осудуваме со учебната цел во универзитетските аудиториуми?

Всушност, прашањето за валидноста на ова привидно јасно социолошко "правило" денес е *par exellence* прашање за невиноста на социолошките категории. Тоа може да биде поставено и поинаку: Дали клучниот проблем во секоја социологија за социјално дејствување треба да се однесува и на откриениот потенцијал за социјално влијание на самиот истражувач? Дали и до кој степен концептуалниот апарат на социологијата е во состојба да ја ограничи својата реална сила предимно до своите интерпретативни можности.

Кога Рајт Милс на почетокот на 60-те години објавува дека за разлика од крајот на минатиот и почетокот на нашиот век општиот именител за толкување на светот не е оној на физиката, туку на социологијата, тој веројатно го имал предвид, покрај сѐ друго, и сѐ поинтензивниот процес на седиментирање, во секојдневната форма на социолошките продукти, што започнуваат да се восприемаат како природни "прирачни" или "расположиви" нешта, каков што е на пр. термометарот,[4] т.е. идејата на Рајт Милс, наместо да се сведува единствено на универзализирање на улогата на социологот, би можела да се толкува и како отсликување на своеобразното "социологизирање" на секојдневните практики: престојување со социолошки објективации, автономизирани од научниот дискурс како со термометар, со телефони и со уреди за загревање.

Се разбира, претворајќи се во јавни "факти" и преформирајќи ги траекториите на јавните светови, резултатите од социолошките анализи, од емпириските истражувања, заживуваат сопствен живот и во определена смисла се недостапни на контролата на истражува-

[4] Се разбира Рајт Милс никаде не го експлицира токму овој аспект на проблемот, но "социолошката имагинација" на која тој пледира во истоименото дело ни дозволува на овој начин да го протолкуваме она што го рекол.

чот. И самиот Вебер, во контекст на прашањето за "вредносната неутралност" би рекол дека секојдневниот актер има право да се "подучи" од она што му го предлага социологот и да ја изгради својата стратегија за дејствување на "сопствена одговорност", поставувајќи на тој начин јасна граница меѓу етосот на научното мислење и етиката на практичното поведение. Можеме ли, инаку, денес, кога социологијата се радува на таквата "практична вистина" без преседан, да говориме за соодветна јасна граница? Дали не сме сведоци на епилогот на едно "романтично" сфаќање на социологијата, според кое токму несовпаѓањето меѓу научната и секојдневната реалност ги поставува условите на истражувачката "игра"? И дали во болните преживувања на овој епилог не се втемелени чувствата, не просто за криза, туку за "крај" на социологијата, апелите за враќање кон "големите социолошки прашања", ако не сакаме да изгубиме значителен дел од интелектуалната супстанца на нашата дисциплина? (во Berger & Kellner 1984:14)

Овој сосема шематски отсликан развој заслужува посебно внимание, дотолку повеќе, што отсликувачкиот преврат е знак за промена во социјалното битие на самото социјалнонаучно познание и е, во сите случаи, укажување за разместување на границите меѓу истражувачката позиција и истражуваната реалност со сериозни последици и за двете страни. А еден од клучевите за предефинирање на социолошката ситуација е постојаниот рушител на социолошкото спокојство - тоа, што го нарекуваме "секојдневен живот". Ако сакаме да бидеме верни на духот на Веберовата социологија, потребно е да настојуваме социолошките сетива внимателно да ракуваат со овој клуч.

**Библиографија:**

Вебер, М. 1998а. Върху някои категории на „разбиращата социология". В: М. Вебер. Смисъл и ценност. ИК „Критика и хуманизъм", София.

Вебер, М. 1998б. Критически изследвания по логика на науките за културата. В: М. Смисъл и ценност.

Вебер, М. 1998в. Обективността на социалнонаучното и на социалнополитическото познание. В. Макс Вебер. Смисъл и ценност.

Вебер, М. 1998г. Смисълът на „свобода от ценности" в социологиъта и в икономическата наука. В. М. Вебер. Смисъл и ценност.

Вебер, М. 1992. Социологиъ на господството. Социологиъ на религиъта. Университетски издателство „Св. Климент Охридски", Софиъ.

Becker, C., H. Bocker, U. Matthiesen, H. Neuendorff, H. Russler. 1987. 'Kontrastierende Fallanalysen zum Wandel von arbeitsbezogenen Deutungsmustern und Lebensentwurfen in einer Stahlstadt.' In: Studien des Instituts fuer empirische Kultursoziologie, Dortmund.

Berger, P & H. Kellner. 1984. Fuer eine neue Soziologie. Ein Essay ueber Methode und Profession. Fischer Verlag, Frankfurt am Main.

Luhman, N. 1968. Vertrauen, Ein Mechanismus der Reduktion sozialer Komplexitaet, Stuttgart.

Luhman, N. 1978, 'Handlungstheorie und Systemtheorie'. In: Koelner Zeitschrift fuer Soziologie und Sozialpsychologie, No 30.

## Max Weber: Towards Problemizing the "Sociology-Everyday Life" Relationship

(abstract)

The paper argues in favour of the thesis that the problemizing of the relationship between sociology and everyday life presupposes awareness of the constant tension between the two terms, e.g. of the self-problemizing of this relation. It holds the view that in order to identify the social image of the sociological knowledge at a certain moment of its development one should account for the character of its correlation with everyday life disceming crucial points of problemizing. And vice versa, if one or another aspect of everyday life is to be studied in terms of its own, one should always be on the look-out for the shifting boundaries between social knowledge and everyday reality and methodologically vigilant for the stalking danger of sociologizing everyday life, of substituting the object of study with the research instrument. These principles of theoretical interpretation of everyday life are viewed in the context of their initial inexplicit formation, namely in Max Weber's sociology. The second part of the paper discusses a key case of sociologizing everyday life by which one could judge of the contemporary sociological situation.